Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Verlut
Национална установа Кинотека на
Република Северна Македонија
Institucioni Nacional Kinoteka e
Republikës së Maqedonisë se Verlut
Бр.-Nr. 01-855/1
23.9. 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/2020), член 28 став (2) точка 5 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), директорот на Национална Установа Кинотека на Република Северна Македонија, на ден 23.09.2022 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Кинотека на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Кинотека на Република Северна Македонија со архивски број 01-456 /1 од 13.08.2020 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во НУ Кинотека на Репбулика Северна Македонија со архивски број 01-869/1 од 16.11.2021 година.

**Член 2**

Во делот РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во член 6, кај Категорија Д – стручен соработник во заштитата на културно наследство, кај Ниво Д3 – филмолог, бројот „11“ се заменува со број „12“.

**Член 3**

Во делот РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА, во член 6, став (3), кај Подгрупа 3 – помошно технички лица за превоз на лица и опремата, Категорија А, Ниво А1 - „возач 1“ се брише.

**Член 4**

Во делот ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ, реден број 6. со шифра на работно место КУЛ 0304 Д01 1010 и звање на работно место Раководител на внатрешна организациона единица – одделение, во делот „Вид на образование“ се менува и гласи „наука за книжевноста, историја на уметноста, драмски уметности, или филозофија“

**Член 5**

Во делот ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ, реден број 7., со шифра на работно место КУЛ 0304 Д01 005 и звање на работно место Филмолог – советник, во делот „Вид на образование“, се менува и гласи „наука на книжевноста, историја на уметноста, драмски уметности, или филозофија“.

**Член 6**

Во делот ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ, реден број 8., со шифра на работно место КУЛ 0304 Д02 005 и звање на работно место Виш – филмолог, во делот „Вид на образование“ се менува и гласи „наука на книжевноста, историја на уметноста, драмски уметности, историски науки, или филозофија“.

**Член 7**

Во делот ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ, реден број 9., со шифра на работно место КУЛ 0304 Д03 005 и звање на работно место Филмолог, во делот „број на извршители" бројот „3" се заменува со број „4" како и во делот „Вид на образование" се менува и гласи „наука на книжевноста, историја на уметноста, драмски уметности, социологија, или филозофија".

**Член 8**

Во делот ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ, реден број 10., со шифра на работно место КУЛ 0304 Д03 005 и звање на работно место Филмолог, во делот „Вид на образование" се менува и гласи „историски науки, филозофија, социологија, или теологија".

**Член 9**

Во делот ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ, реден број 10-А., со шифра на работно место КУЛ 0304 Ѓ01 006 и звање на работно место Виш филмски техничар, во делот „Одговара пред" зборовите „Раководител на одделението за истражувачка, издавачка, јавна, меѓународна дејност, библиотечна дејност и филмска програма" се заменуваат со зборовите "Раководителот на одделението".

**Член 10**

Во делот ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ, кај ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ЛИЦА, Назив на работно место: „Возач", реден број 26 и шифра КУЛ 0403 А01 001, со број на извршители 1, се брише.

**Член 11**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања во Табеларниот преглед кој е доставен како Прилог на овој Правилник.

**Член 12**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и Управниот одбор на НУ Кинотека на Македонија.

Архивски број:

Датум:

Директор

Владимир Ангелов